**20242173767**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА УНГАРИЈА

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца се забранува увозот и транзитот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од следните региони во Република Унгарија:

- Бекеш/Békés;
- Јас – Нaѓкун - Солнок/Jász – Nagykun – Szolnok;
- Чонград - Чанад/Csongrád – Csanád;
- Фејер/Fejér и
- Хајду - Бихар/Hajdú - Bihar.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на следните пратки:

1) живина, и тоа кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелници, гулаби, фазани, еребици и ноеви (ratitae) размножувани или чувани во затворен или ограден простор заради одгледување или чување за: размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч,

2) јајца за ведење, и тоа јајца за инкубација снесени од живина,

3) птици, и тоа животни од класата Aves, освен:

- живина,
- птици кои се увезуваат согласно програмите за зачувување на одредени видови птици,
- домашни миленици во придружба на сопственикот,
- птици наменети за зоолошки градини, циркуси, забавни паркови или експерименти,
- птици наменети за научно - истражувачки институти или центри и
- гулаби - писмоносци внесени на територијата на Република Северна Македонија од соседни трети земји, каде што живеат вообичаено, и веднаш пуштени со очекување дека ќе се вратат во трета земја од каде се внесени,

4) конзумни јајца од живина и пернат дивеч,

5) месо, мелено месо, подготовки од месо и механички обескоскено месо од живина и пернат дивеч,

6) производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч,

7) сурова храна за домашни миленици и непреработен материјал за храна за исхрана на животни кој содржи делови од месо од живина и пернат дивеч и

8) нетретирани трофеи од пернат дивеч.

Член 2

По исклучок од член 1 став (2) точка 6) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч само доколку месото од овие видови било подложено на еден од специфичните третмани B, C или D дадени во Прилог 6 Дел 6 Г на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно - здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло (*1).

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 02-2775/1
21 октомври 2024 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.